**Врз основа на член 35 од Статутот на Атлетската федерација на Македонија, Собранието на Атлетската федерација на Македонија на својата седница одржана на 01. март. 2014 година, донесе**

# ПРАВИЛНИК
## за регистрација и премин на атлетичари

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Правилникот за регистрација и премин на атлетичари (во натамошниот текст Правилник) се утврдува начинот, формата, условите и другите прашања врзани за регистрација и пререгистрација на атлетичари, како и условите за премин од една во друга атлетска организација (во натамошниот текст Атлетски Клуб).
Клубот поднесува барање за регистрација, со податоци и докази под услови од член 5 и 6 од овој Правилник со посебно барање до канцеларијата на АФМ.

**Член 2**

Атлетичар може да биде регистриран и има право на настап само за еден атлетски клуб во Македонија.

**Член 3**

Атлетичар може да преминува од еден во друг атлетски клуб само под услови предвидени со Правилникот.

### Регистрација на атлетичари

**Член 4**

Атлетичар може да биде регистриран за еден клуб под следниве услови;

- Да има **пристапница** при прво зачленување во атлетски клуб
- Да има **потврда** кога преминува од еден клуб во друг со докази за престанок на членство во клубот каде членувал или раскин на договор и уплата на обештетување, или уредно издадена исписница од поранешниот клуб

### Членство во атлетски клуб

**Член 5**

Постапка за регистрација ја спроведува атлетскиот клуб, со впишување во книгата на членство, врз основа на писменото барање за прием на членство и пополнување на натпреварувачката легитимација.

**Член 6**

Барањето за прием на членство во клубот задолжително содржи: Презиме, име на родителот, име, година и место на раѓање, матичен број, податок за членство во друг атлетски клуб, доколку се работи за премин, и своерачен потпис.

Барањето за прием на членство, за атлетичар-ка помлади од 16 години, покрај атлетичарот го потпишува и родител или старател, при што го запишува и бројот на својата лична карта.

Пристапницата за прием на членство е составен дел на овој правилник и дадена е во прилог

**Член 7**

Доколку се исполнат условите од членот 5 и 6 од овој Правилник, клубот поднесува барање до АФМ, до комисијата за регистрација и пререгистрација на атлетичари , за регистрација и издавање на натпреварувачка легитимација.

**Регистрација на атлетичари**

**Член 8**

Атлетската федерација на Македонија води книга за регистрација.

**Член 9**

Клубот до АФМ ги поднесува следниве документи;

- Барање за прием на членство - пристапница
- Извод од матична книга на родени ( оригинал, заверена копија )
- Две фотографии од атлетичарот со големина 20х30мм, не постари од шест месеци
- Потврда од матичниот клуб или лична изјава од атлетичарот кој нема учествувано на атлетски натпревар најмалку 365 дена
- Како и останати документи кои произлегуваат од овој Правилник, ако има потреба.

**Член 10**

Канцеларијата на АФМ по прием на барањето од клубот со потребните документи, на самото барање запишува број и датум на прием од овластеното лице, ги внесува во книгата за регистрација, издава натпреварувачка легитимиција најдоцна во рок од 8 дена по приемот на барањето за регистрација.

**Член 11**

Канцеларијата на АФМ по претходниот член ако констатира недостасок на приложените документи или неправилност во барањето за регистрација, целиот материјал го враќа до клубот со барање во рок од 5 дена да се корегираат недостатоците и материјалот се врати во АФМ.

Ако клубот во предвидениот рок врати дополнителни и исправни материјали се регистрира со првиот приемен датум, во спротивно барањето за регистрација ќе се евидентира со датум кога ќе се доставаат исправните документи.

**Член 12**

Атлетичар и клуб можат да склучат договор на најмалку две години со кој ги регулираат меѓусебните права , обврски и одговорности.

**Член 13**

Како валиден документ ќе се признае само правилно потпишан и составен договор , кој ќе биде потпиешан од овластено лице од клубот од една страна и од атлетичарот од друга страна. Копија од договорот се доставува до канцеларијата на АФМ.

**Член 14**

Договорот мора да ги содржи следниве елементи;

- Лични податоци на договорените страни
- Временски период на траење на договорот
- Обврски на атлетичарот кон клубот
- Обврски на клубот кон атлетичарот
- Санкции во случај на непочитување на договорот
- Начин и ислови под кои може да се раскине договорот
- Обештетување на атлетичар или клуб
- За решавање на спорот од договорот надлежен е ИО на АФМ.

За малолетни атлетичари договор со клубот потпишува еден родител или старател.

**Член 15**

Прва регистрација на натпреварувачите се врши во текот на целата година. Продолжувањето на регистрацијата за наредната година се врши ИСКЛУЧИВО во периодот од 01.01 до 28.02 во тековната година . Минимално 8 дена пред првиот натпревар.

Продолжувањето на регистрацијата клубот ја врши со поднесување на барање за продолжување на регистрацијата за натпреварувачите кои настапувале за клубот во изминатата натпреварувачка сезона.

Барањето за продолжување на регистрацијата се состои од список на натпреварувачи со дата на последниот настап и приложена натпреварувачка легитимација, во која се заверува регистрацијата за новата натпреварувачка сезона.

Доколку натпреварувачот не настапувал во изминатата натпреварувачка сезона, потребна е негова писмена согласност за продолжување на регистрацијата која се приложува со барањето.

**Член 16**

АФМ по приемот на барањето за продолжување на регистрацијта, ја проверув исправноста на наведените податоци и ги заверува натпреварувачките легитимации.

## Натпреварувачка легитимација

**Член 17**

Натпреварувачката легитимација ја издава органот за регистрација при АФМ.

Уредната натпреварувачка легитимација му служи на натпреварувачот како доказ за членство, право за настап, за извршен лекарски преглед и лична идентификација на натпревар.

**Член 18**

Формата, димензиите и печатењето на натпреварувачките легитимации го утврдува и врши АФМ.

**Член 19**

Натпреварувачката легитимација е составена од три дела; лични податоци, податоци за натпревар, податоци за лекарски преглед.

На кориците е втиснат амблем на Регистрационата комисија при АФМ, на втората страна е личниот картон со податоци за атлетичарот, фотографија 20 x 30 мм., ЕМБГ, презиме, име на родител, име. На втората и третата страна се податоците за регистрацијата и пререгистрацијата која содржи податоци, име на клубот, број на натпреварувачката легитимација, прва регистрација со право на настап од и податоци за пререгистрација за натпреварувачката година. Од 5 до 7 страна сместени се податоците за лекарски прегледи и способност за натпреварување во одреден временски период.

**Член 20**

Регистрацијата важи за календарската година само за еден клуб на сите натпревари и се обновува секоја година.

## ПРЕМИН НА АТЛЕТИЧАРИ ОД КЛУБ ВО КЛУБ

**Член 21**

Атлетичар-ка може да преминува од еден во друг клуб под услови утврдени со овој Правилник.

Преминот од еден во друг атлетски клуб може да се изврши единствено во преодниот рок, кој трае од 01. до 31.12. од годината што тече.

Барање за исписница не може да поднесе натпреварувач против кој се води дисциплинска постапка, до завршување на постапката, ниту атлетичар на кого му е изречена дисциплинска мерка забрана за натпревар, до истекување на казната, , како и за атлетичари кои се исклучени од клубот. За нив важи рокот од 15 ( петнаесет ) дена од денот на истечување на суспензијата, временската казна односно неговото исклучување.

**Член 22**

Атлетичар-ка кој сака да промени клуб, поднесува писмено барање за исписница со препорачана пошта, при што дата за поднесување се смета датата на поштенскиот жиг. А копија од исписницата се доставува и до Комисијата за регистрација и пререгистрација.

Барањето мора да содржи основни податоци, име и презиме, име на еден родител - старател, дата и место на раѓање, причини за промена на клубот и определба во кој клуб сака да премине атлетичарот со своерачен потпис.

Барањето за малолетни атлетичари го потпишува еден родител или старател.

Ако барањето стигне без овие податоци Канцеларијата на АФМ ќе побара во рок од три дена да се исправат грешките.

Ако недостатоците не бидат отстарнети, барањето ќе се отфрли како непотполно.

**Член 23**

Ако Атлетичар-ка за време на преодниот рок се откаже од премин во друг клуб, а не е регистриран во новиот клуб, и ако истиот не сака да настапи за клубот од каде има добиено исписница односно раскин на договорот, во тој случај писмено ги известува дотогешниот клуб и канцеларијата на АФМ.

Ако атлетичарот до 31 декември тековната година не се регистрира за друг клуб, а не сака да се врати во клубот од каде доаѓа, се смета како нерегистриран атлетичар за таа натпреварувачка година и со тоа не може да учествува на ниеден натпревар во Македонија, надвор од Македонија, ниту за репрезентација.

Исклучок од претходниот став се случаи каде преминувањата се спорни или не е утврдена висината на обештетување.

Или по исклучиво барање на Селектор или стручна комисија за настап во атлетската репрезентација, за нерегистриран атлетичар кои што претходно се стекнале со статус на репрезентативец има право на настап на изборните и други поединечни натпревари во организација на АФМ со цел да го поврдаат репрезентативниот статус.

Во овие случаи надлежен е Извршниот одбор на АФМ.

**Член 24**

Кога атлетичар бара исписница, Клубот е должен да издаде исписница и да му ја даде натпреварувачката легитимација во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето за исписница, ако се исполнети условите со овој Правилник. Во спротивно клубот мора во истиот рок да даде образложение за одбивање на барањето.

Атлетичарот на кој му е одбиено барањето за издавање на исписница, односно барањето за раскин на договорот или кој смета дека во постапката за издавање на исписница се повредени одредбите од овој Правилник, поднесува жалба до Комисијата за регистрација и пререгистрација при АФМ. Рок за поднесување на жалба е 10 (десет) дена . Клубот може да го одбие барањето за исписница само ако поднесеното барање е спротивно одредбите на овој Правилник.

Против Одлуката на Комисијата незадоволните страни може да се жалат до ИО на АФМ, чија одлука е конечна.

Клубот издава Исписница врз основа на одлука на органот на Клубот, одреден со Статутот или други утврдени нормативни акти .

Исписницата ја потпишува претседателот и секретарот на Извршниот одбор на Клубот.

Исписницата се доставува до:

- атлетичарот (со натпреварувачка легитимација);
- Комисијата за регистрација и пререгистрација;

**Член 25**

Доколку клубот не одговори на барањето за издавање исписница во рок од 10 дена од денот на прием на барањето, или надлежниот орган не донесе одлука за исписница или пак не е потпишана од одговорно лице во клубот(член 24), ќе се смета дека членството на атлетичарот престанало со согласност на клубот.

На атлетичарот кому му престанало членството во склад со одредбите од став 1 на овој член, може да биде регистриран во нов клуб со поднесување на барање за членство .

**Член 26**

Клубот е должен за атлетичарот кој преминува во новиот клуб да поднесе; барање за регистрација во АФМ со приложена исписница до 31 декември тековната година.

**Член 27**

Канцеларијата на АФМ кога ќе прими исправно барање со исправна документација за регистрација е должна до 20 јануари следната година да изврши регистрација освен за спорните случаи од член 23 на овој Правилник. Право за настап се стекнува веднаш.

**Член 28**

Атлетскиот клуб не може да го суспендира атлетичарот ниту да покрене дисциплинска постапка по поднесување на барање за издавање исписница, односно раскинување на договорот.

**Член 29**

Атлетичарот кој не настапувал на натпревари најмалку една година од денот на последниот настап, се смета дека му престанало членството во клубот.

На атлетичар кој му престанало членство по основа на став1 од овој член може да се регистрира во нов клув со поднесено барање за прием на членство во склад со член 4 на овој Правилник, меѓутоа исклучиво во рокот за премин од 1-31.декември

Настап на атлетичар за репрезентација на барање на Селектор или стручна комисија не се смета за настап за поранешен клуб.

**Обештетување**

**Член 30**

Клубот од кој атлетичрот заминува ( во понатамошен текст поранешен клуб ) може од клубот во кој атлетичарот сака да премине да побара обештетување. Со исписницата која поранешниот клуб е должен да ја издаде мора да назначи дека побарува обештетување и тоа:

- На основа на потпишан договор за кој треба да ја извести АФМ пред рокот за преминување
- На основа на општите одредби спрема овој Правилник за утврдени надоплнувања ( обештетувања )
- Или на основа од општите одредби за атлетичари 1 и 2 категорија со проценка на документи дека клубот за одреден поединец има вложено повеќе средства од предвидента категоризација.
- Или на основа на договор помеѓу клубовите

Висината на обештетување во случај на спор ја утврдува ИО на АФМ на предлог од Комисијата за премин на атлетичари.

**Член 31**

Матичниот Клуб од каде заминува атлетичарот во друг клуб доколку има наполнето најмалку 16 години има право на обештетување и кога се работи за истекување на обврските спрема договорот со матичниот клуб. Обештетувањето преставува надокнада (надополнување) за вложениот труд и средства за развој и афирмација на атлетичарот.

Доколку атлетичар-ка и Атлетски клуб немаат склучено договор, при промена на клубот и ако натпреварувачот има наполнето 16 години, ќе се применува плаќање за обештетување според следната категоризација на атлетичар-ка;

1. Заслужен атлетичар-ка--------------------800 бодови
2. атлетичар-ка од меѓународен ранг-----600 бодови
3. атлетичар-ка од државен ранг-----------400 бодови
4. останати атлетичар-ка---------------------200 бодови

1. Заслужен атлетичар-ка е натпреварувач кој освоил од 1-12 место на СП, ЕП, ОИ, сите категории.
2. Атлетичар-ка од меѓународен ранг е натпреварувач, кој учествувал на СП, ЕП, ОИ и освојувач на медал од БП, сите категории
3. Атлетичар-ка од државен ранг е натпреварувач, кој има најмалку 2 настапи на државни првенства ( или 2 настапи за репрезентација)
4. Останати атлетичари-ки се натпреварувачи кои не се опфатени со претходно наведеното рангирање.

**( за 2015 година е 1 бод има вредност од 2 евра )**

Вредноста на бодот на предлог на Регистрационата комисија ја одредува ИО на АФМ, со своја Одлука најмалку 30 дена пред почетокот на преодниот рок.

За одредување на висисна на обештетување на основ на категоризација ќе се утврди статусот на атлетичарот за настап од последната година за клубот од кои сака за замине.

Во случај кога клубот и натпреварувачот не постигнат соодветен договор во согласност со овие нормативи, ќе се примени највисоката предвидена скала согласно рангот на натпреварувач, при што тој може да биде пререгистриран за друг клуб и без исписница со согласност и со лична изјава во предвидениот рок.

Клубот во кој заминува натпреварувачот ќе може да го регистрира натпреварувачот, откако ќе уплати на жиро сметка на оштетениот клуб 100% од

вкупната сума за обештетување, според договорот (доколку има), или според категоризацијата на натпреварувачот.

Обвската за плаќање на обештетување не постои, доколку матичниот клуб во кој натпреварувачот членува престане да постои, односно доколку фактички не ја извршува својата регистрирана дејност, како и доколку клубот ја нема платено својата членарина кон АФМ, повеќе од 1 година.

Ако за поранешниот клуб е поволно може да побара обештетување за атлетичарот и до повисоко ниво само со доказ за висина на вложување во атлетичарот сосласно утврдени издатоци, сметки, исплата стипендии највеќе 2 години, рачунајќи ја тековната и претходната година.

При утврдување на обештетувањето според горенаведениот критериум ќе се признаат утврдени издатоци, како на пример, стипендија, витаминизација, збогатенаа исхрана , како и

- трошоци за подготовки, кои ќе се утврдат со докумнет
- допринос за здраствено осигурување и школување
  патни налози и исплатени патни трошоци покрај редовната натпреварувачка програма.

Трошоците за набавка на спортска опрема и реквизити не се земат во превид за обештетување.

**Член 32**

Клубовите со споразумен договор може трошоците за обештетување да не ги исплатат, ако клубот од кој атлетичарот преминува издаде посебна потврда на клубот во кој атлетичарот пристапува.

Во случај на одредување на надомест ќе се земат во предвид само документите доставени до завршување на рокот за премин.

Фотокопии ќе се признаат само со споредба на оригинал.

Стипендии, помош и сл, кои не се исплаќаат преку клубот нема да се земаат во предвид за обештетување.

**Жалби**

**Член 33**

Атлетичарот на кого е одбиено барањето за раскин на договор или издавање исписница, или клубот смета дека во постапката се прекршени одредбите од овој Правилник, поднесува жалба до Комисијата за регистрација и пререгистрација.

Рок за поднесување на жалба е 8 (осум) дена од прием на одлуката. Против одлуката на Комисијата незадоволнта страна може да се жали до И.О на АФМ чија одлука е конечна. Жалбата се поднесува во рок од 8 дена после прием.

**Член 34**

Надлежниот орган за решавање жалби е должен на првата седница да ја разгледа и спроведе во постапка не подоцна од 20 дена после приемот на жалбата.

**Член 35**

Оштетената страна која смета дека во постапката се повредени одредбите од овој Правилник, може да поднесат барање за заштита на законитоста на Собранието на АФМ.

**Право на настап**

**Член 36**

Атлетичар на кого му престанало членството во поранешниот клуб, стекнува право на настап во новиот клуб на сите натпревари осмиот ден од денот на регистрација.

**Член 37**

Атлетичар има право на настап и за клуб во друга држава членка на ИААф И ЕАА, ако добие согласност од АФМ, при тоа водејќи сметка за потребите на репрезентацијата на Македонија.

**Член 38**

Барање за издавање согласност за регистрирање на клуб во друга држава се поднесува до ИО на АФМ.
Покрај барањето се доставуваат следниве документи;

- согласност на матичниот клуб за заминување во друга држава
- во согласноста мора да биде наведено заминување со или без обештетување.
- Согласност во смисла на двојна регистрација или не.
- Молба од клубот од другата држава и согласност од федерацијата каде е зачленет клубот за премин на атлетичар.
- Договор со клубот од другата држава

**Член 39**

Атлетичар-репрезентативец кој заминува во друга држава во договорот мора да има клаузула дека има обврска да се отповика на повикот на селекторот или стручниот совет и безусловно да настапи за репрезентацијата на Македонија.

**Член 40**

Клубот од каде заминува атлетичарот во странство има право на обештетување и кога се работи за истекување на обврските спрема договорот. Обештетувањето преставува надокнада (надоплнување) за вложените средства за развој и афирмација на атлетичарот.

**Право на настап за странски државјани**

**Член 41**

Еден атлетски клуб може да регистрира најмногу двајца странски државјани да настапуваат за него. Регистрацијата ја објавува АФМ.

**Член 42**

Странски државјанин регистриран за атлетски клуб не може да учествува на Државни поединечни првенства и Куп натпревари на Македонија.

**Член 43**

Странски државјанин може да биде регистриран со писмена согласност на неговата национална атлетска федерација и ако исполнува еден од следниве услови: да има одобрено постојано живеалиште во Македонија, или да се наоѓа во дипломатска мисија подолго од една година, или редовно да се школува во Македонија.

**Член 44**

При поднесување на барање за регистрација на странски државјанин , клубот е должен да приложи еден доказ од член 43.

**Член 45**

Одредбите од овој Правилник ги толкува Комисијата за регистрација и пререгистрација при АФМ.

**Член 46**

Правилникот стапува на сила од денот на усвојувањето од Собранието на Атлетската Федерација на Македонија, со што престанува да важи Правилникот за регистрација и премин на атлетичари донесен во 1993 година.

Скопје 01. Март.2014 година

С О Б Р А Н И Е
на Атлетската Федерација на Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Крсто Серафимовски